Дирекција за безбедност
на класифицирани информации
Бр. 01-283/7
29.09.2016 година
Скопје

Врз основа на член 49 став 2, член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", бр. 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10 и 51/11), член 67 од Законот за класифицирани информации („Службен весник на Република Македонија", бр. 9/04, 113/07, 145/10, 80/12 и 41/14) и член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен бесник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14 и 27/16 директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, донесе:

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

### Член 1

Со овој правилник се вршат измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, бр.01-283/1 од 19.08.2016 година, и тоа во Член 5, Член 13 и Член 14.

### Член 2

Во Член 5 зборовите „ вкупно 49 (четириесет и девет) работни места" се менуваат во „ вкупно 50 (педесет) работни места", потоа во зборовите „од кои пополнети 35 работни места" бројот „35" се менува со бројот „37", како и во табелата подолу во редот за систематизирани работни места во редот за ниво В03 се додава број „1",а во редот за пополнети работни места за ниво В04 бројот „8" се заменува со бројот „10".

### Член 3

Во Член 13 точка *Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор, Одделение* за *вршење инспекциски надзор на безбедноста на класифицирани информации* по работното место бр. 13 се додава работното место број 13а **(ИНС 01 01 В03 соработник инспектор - В3 Стручен III ниво) и гласи:**

| | |
|---|---|
| **Сектор за општи и правни работи, за поддршка на работата на директорот, меѓународна соработка и за инспекциски надзор** | |
| **Одделение за вршење на инспекциски надзор на безбедноста на класифицирани информации** | |
| **Реден број** | 13а. |
| **Шифра** | ИНС 01 01 В03 000 |
| **Ниво** | В3, Стручен III ниво |
| **Звање** | Соработник инспектор |
| **Назив на работното место** | Соработник инспектор за безбедност на класифицирани информации |

| | |
|---|---|
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на Одделение за инспекциски надзор |
| **Вид на образование** | – (правни науки, одбрана или науки за книжевност); |
| **Други посебни услови** | – поседување на национален безбедносен сертификат со степен “ДРЖАВНА ТАЈНА”;<br>– најмалку една година работно искуство во струката |
| **Работни цели:** | Извршување на помалку сложени работи и задачи од доменот на инспекцискиот надзор, спроведување на поедноставни работи и задачи во однос на инспекцискиот надзор на класифицираните информации |
| **Работни задачи:** | - врши подготовка и обезбедува поддршка во процесот на изготвување документи и методологија за вршење инспекциски надзор<br>- учествува во подготовки, прибирањето на информации и обезбедува целосна поддршка во изготвувањето на документи кои се потребни при вршењето на инспекцискот надзор;<br>- подготвува записници, белешки, потсетници, писма за работите од делокругот на одделението;<br>– подготвува дописи и врши други работи на кореспонденција;<br>– учествува во изготвувањето на документацијата од извршените инспекцискиот надзори како и од периодичните и годишните извештаи за работата на одделението;<br>– учествува во подготвувањето на предлог барања за поведување прекршочна постапка и помага во водењето евиденции за прекршочната постапка; |

| | |
|---|---|
| | – редовно ја следи законодавната регулатива од областа на работат на одделението, вклучувајќи го и следењето на стручна литература од истата област;<br>– исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „Потребно е да знае“;<br>– за својата работа одговара во рамките на своите овластувања. |

Во Член 13 кај работните места број 5, 6, 10,13, 16,17,21,22, 23, 27, 31, 38, 44, 47 се менува текстот во полето Вид на образование, и тоа:

- кај работно место број 5 во полето Вид на образование зборовите „ Гимназиско и/или средно стручно образование (техничка, економска или правна струка)“ се менуваат во „Вишо/средно образование (гимназија, економија, право или електротехника)“
- кај работно место број 6 во полето Вид на образование зборовите „ IV степен: гимназиско и/или средно стручно образование (економски, правен и/или градежен техничар) се менуваат со зборовите „ Вишо/средно образование (гимназија, економија или електротехника)“
- кај работно место број 10 во полето Вид на образование се бришат зборовите„ стекнати 300

кредити според ЕКТС или VII/1 степен високо образование“

- кај работно место број 13 во полето Вид на образование зборовите „ IV степен: гимназиско и/или средно стручно образование (економска и/или правна струка) се менуваат со зборовите „Вишо/средно образование (гимназија, економија или право)“
- кај работно место број 16 во полето Вид на образование зборовите „IV степен: Гимназиско и/или средно стручно образование (техничка, технолошка или информатичка струка)“ се менуваат со зборовите „Вишо/средно образование (гимназија, електротехника, технологија или машинство)“
- кај работно место број 17 во полето Вид на образование зборовите „IV степен: гимназиско и/или средно стручно образование (економска или правна струка)“ се менуваат со зборовите „Вишо/средно образование (гимназија, економија или право)“
- кај работно место број 21 во полето Вид на образование зборовите „ IV степен: гимназиско и/или средно стручно образование (занаетска, економска или правна струка)“ се менуваат со зборовите „ Вишо/средно образование (гимназија, економија, право, или технологија)“
- кај работно место број 22 во полето Вид на образование зборовите „ IV степен: гимназиско и/или средно стручно образование (техничка, економска или правна струка)“ се менуваат со зборовите „ Вишо/средно образование (гимназија, економија, право, електротехника или технологија)“
- кај работно место број 23 во полето Вид на образование зборовите „IV степен: Гимназиско и/или средно стручно образование (техничка, технолошка или правна струка)“ се менуваат со зборовите Вишо/средно образование (гимназија, право, електротехника или технологија)“
- кај работно место број 27 во полето Вид на образование зборовите „ IV степен: гимназиско и/или средно стручно образование (градежна/техничка, економска или правна струка)“ се менуваат со зборовите „Вишо/средно образование (гимназија, право, економија, градежништво, електротехника или технологија)“
- кај работно место број 31 во полето Вид на образование зборовите „ IV степен: гимназиско и/или средно стручно образование (техничка, економска или правна струка)“ се менуваат со зборовите „ Вишо/средно образование (гимназија, право, економија или електротехника)“

- кај работно место број 38 во полето Вид на образование зборовите „ IV степен: гимназиско и/или средно стручно образование (техничка, економска или правна струка) или VI степен више образование“ се менуваат со зборовите „Вишо/средно образование (гимназија, економија, право или електротехника)“
- кај работно место број 44 во полето Вид на образование зборовите „ IV степен: гимназиско или средно стручно образование (економски техничар) или VI степен више образование“ се менуваат со зборовите „Вишо/средно образование (гимназија или економија)“
- кај работно место број 47 во полето Вид на образование зборовите „ IV степен: гимназиско и/или средно стручно образование (економски, правен и или VI степен више образование)“ се менуваат со зборовите „Вишо/средно образование (гимназија, право или економија)“

**Член 4**

Во Член 14 кај работните места број 5 и број 6 се менува текстот во полето Вид на Образование, и тоа:

- кај работно место број 5 во полето Вид на образование зборовите „ IV степен: гимназиско и/или средно стручно образование (техничка, економска или правна струка)“ се менуваат со зборовите „ Вишо/средно образование (гимназија, право, економија или електротехника)“
- кај работно место број 6 во полето Вид на образование зборовите „ IV степен: гимназиско и/или средно стручно образование (техничка, економска или правна струка)“ се менуваат со зборовите „ Вишо/средно образование (гимназија, право, економија или електротехника)“

**Член 5**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот.

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за информатичко општество и администрација и неговото објавување на огласната табла во Дирекцијата.

Дирекција за безбедност на класифицирани информации

ДИРЕКТОР

д-р Александар Нацев